# ПРОГРАМА

## за Прва Спортско-риболовна Лига 2025 дисциплина Пливка категорија Сениори, У-25 и У-20 за Трето и Четврто коло

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за Спортско-риболовни натпревари за 2025 година, ја објавуваме програмата за Трето и Четврто коло од натпреварите во Првата Риболовна Лига дисциплина „Пливка".

**Организатор на натпреварот**: Македонска Риболовна Федерација и Натпреварувачка комисија за дисциплина Пливка.

**Место на одржување:** акумулација Пишица, Пробиштип.
**Термин:** 21.06.2025 (сабота) – Трето коло
22.06.2025 (недела) – Четврто коло

Право на учество во Трето и Четврто коло од Првата Лига имаат сите екипи во категорија сениори и сите поединци во категорија У-20 и У25, кои учествувале во првите две кола.

Сите РЗК што ќе се пријават за учество во Првата Лига во конкуренција Сениори, задолжително мора да пријават и најмалку еден натпреварувач во категориите У-20 или У-25.

Помлад натпреварувач може да настапи само во една категорија повисоко (У-25 во сениори, У-20 да настапи во У-25 и У-15 да настапи во У-20 категорија). Доколку натпреварувач од У-15 настапи во категоријата У-20 не го губи правото да се натпреварува на Државното Првенство за У-15 и Купот Рибарче (може да учествува во својата категорија).

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач, еден натпреварувач (У-20 или У-25) и 2 (два) капитени на екипата. За утврдување на идентитетот, членовите на екипите задолжително треба да поседуваат Спортски легитимации за 2025 год. Сите натпреварувачи и капитени да носат обележја на своето РЗК, и да бидат истообразно облечени.

На патеката се активни следните видови риби: крап, црвеноперка, караш, плашица, деверика и др. Дозволено е да се ловат сите видови риби без ограничување на големината.

Во натпреварите од Првата лига, нема ограничување на риболовниот прибор и техниките на ловење, освен во категоријата У-20 каде риболовната трска не смее да биде подолга од 11,5 метри, и во сениори риболовната трска не смее да биде пократка од 3,9 метри.

**Официјален тренинг:**

Официјален тренинг на патеката е дозволен на 20.06.2025 год. (петок) во времето од 08,оо до 16,оо часот.

**САТНИЦА:**

**<u>Категорија: Сениори и У25</u>, Подготовка 120 мин. и ловење риба 4 часа.**

**21 и 22.06.2024 (сабота и недела) Трето и Четврто коло:**
До 07:15 пристигнување и пријавување на екипите
07:15 – 07:45 извлекување на стартните позиции
07:45-08:00 пристап до стартните места
1 сигнал 08:00 влегување во стартните места
2 сигнал 08:45 пет минути до контрола на прихраната и мамките
3 сигнал 08:50 контрола на прихраната и мамките
4 сигнал 09:50 тешка прихрана
5 сигнал 10:00 почеток на ловењето риби
6 сигнал 13:55 пет минути до крајот на натпреварот
7 сигнал 14:00 крај на ловењето риби
21.06.2025 год. во 15,30 – Соопштување на резултатите од Трето коло.
**22.06.2025 год. во 16,00 – Соопштување на резултатите од Четврто коло и конечниот резултат од Лигата.**

**<u>Категорија: У20</u>, Подготовка 90 мин. и ловење риба 3 часа.**

**21 и 22.06.2024 (сабота и недела) Трето и Четврто коло:**
До 07:15 пристигнување и пријавување на екипите
07:15 – 07:45 извлекување на стартните позиции
07:45-08:00 пристап до стартните места
1 сигнал 08:00 влегување во стартните места
2 сигнал 08:05 пет минути до контрола на прихраната и мамките
3 сигнал 08:10 контрола на прихраната и мамките
4 сигнал 09:20 тешка прихрана
5 сигнал 09:30 почеток на ловењето риби
6 сигнал 12:25 пет минути до крајот на натпреварот
7 сигнал 12:30 крај на ловењето риби
21.06.2025 год. во 15,30 – Соопштување на резултатите од Трето коло.
**22.06.2025 год. во 16,00 – Соопштување на резултатите од Четврто коло и конечниот резултат од Лигата.**

За нејасни прашања обратите се до претседателот на натпреварувачка комисија „Пливка", Ѓорѓи Ицоски тел: 078/278-670.

Судиската комисија ќе го одреди потребниот број на судии.

Ви посакуваме богат улов и **БИСТРО**

**Подготвено од Натпреварувачка комисија – Пливка**
**Претседател,**
**Ѓорѓи Ицоски**